## ПОВИК ЗА ОБУЧУВАЧ ЗА РАБОТИЛНИЦИ ЗА УЧЕНИЦИ И СРЕДНОШКОЛЦИ

**Основни информации:**

Здружението на граѓани „Ромаверзитас" - Скопје во рамките на проектот „За поздрав и поурбан живот на Ромите", финансиран од „Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест", објавува повик за ангажирање на обучувач за работилници за ученици и средношколци.

**Опис на активноста:**

Со оваа активност треба да се подобри здравјето на учениците и средношколците Роми. Целта на оваа активност е подигнување на јавната свест и подобрување на капацитетите, знаењето и вештините на учениците за поврзаноста на климатските промени, здрава околина за живеење и подобрување на здравјето. Со оваа активност ќе има поголема достапност до податоци и факти за поврзаноста на климатските промени, здрава околина за живеење и подобрување на здравјето. Ито така ќе има зголемена свест и мобилизирани учениците и средношколците за спроведување на практични мерки поврзани со климатските промени, здрава околина за живеење и подобрување на здравјето. На работилницата треба да бидат опфатени следните теми:

- здрава околина за живеење
- подобрување на здравјето
- храната и климата
- здравството и климата

За оваа активност потребен е еден обучувач:

Обем на работата:

- Да подготват материјали за работа;
- Да спроведат три работилници;
- Да подготват агенда за работилниците;
- Да изготват наративен извештај за работилниците.

Потребни квалификации:

- Соодветно високо образование
- Работно искуство од најмалку 5 години
- Да има одлични комуникациски вештини
- Да имаат искуство во спроведување на обуки и/или работилници

Издавањето на овој Полиси бриф е финансирана преку проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени, спроведуван од Еко-свест во партнерство со Македонското здружение на млади правници-МЗМП и Организацијата за промовирање на природните вредности и луѓе-CVNP. Изразените ставови и мислења се на авторот/авторите и издавачот и нужно не ги одразуваат позициите и ставовите на Еко-свест и на донаторот - Владата на Шведска.

**<u>Потребни документи и начин за пријавување:</u>**

- Кратка биографија
- Доказ за завршено образование
- Друга документација која кандидатот смета дека ќе му биде во прилог на апликацијата (доколку има референтни писма, доколку поседува искуство за слична работа во други проекти, сертификати и сл.)

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да ги доставаат документите најдоцна до 18.09.2023 часот на меил smileskikristijan.rv@gmail.com, со назнака: Апликација за обучувач за работилници за ученици и средношколци.

Sweden Sverige

Издавањето на овој Полиси бриф е финансирана преку проектот „Граѓанските организации во акција за климатските промени, спроведуван од Еко-свест во партнерство со Македонското здружение на млади правници-МЗМП и Организацијата за промовирање на природните вредности и луѓе-CVNP. Изразените ставови и мислења се на авторот/авторите и издавачот и нужно не ги одразуваат позициите и ставовите на Еко-свест и на донаторот - Владата на Шведска.